**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА

**во Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) и член 2 од Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/11, 148/13, 41/14, 130/14, 53/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 194/24), Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, на ден ___-___2024 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН**

**Член 1**

Во Правилникот за систематизација на работните места во Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен со број 0101-1577 од 24.09.2015 година, број 0101-435 од 29.02.2016, број 0101-1161/1 од 14.06.2016, број 0101-1253/1 од 24.11.2017, број 0101-430 од 26.03.2018, број 0101-193/2 од 28.01.2019, број 0101-1206/2 од 30.08.2019, број 0101-193/5 од 13.11.2019, број 0101-193/7 од 29.11.2019 и број 0101-1036/1 од 25.10.2021 година, **насловот на Правилникот за систематизација на работните места во Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, се менува и гласи: „Правилник за систематизација на работните места во Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.**

**Член 2**

Низ целиот текст на Правилникот за систематизација на работните места, зборовите: „Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ **се заменуваат со зборовите: „Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.**

**Член 3**

Во глава I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ, членот 5 се менува и гласи:

**„Член 5**

Во овој Правилник се утврдени и опишани вкупно 79 работни места на административни службеници и 1 работно место на помошно – техничко лице, со вкупно 100 извршители, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, од кои пополнети се работни места за 50 извршители, распоредени на следниов начин:

| **Ниво** | **Систематизирани работни места по извршители** | **Пополнети работни места** |
|---|---|---|
| **А02** | 1 | 1 |
| **Б01** | 6 | 4 |
| **Б02** | 5 | 2 |
| **Б03** | 7 | 3 |
| **Б04** | 15 | 11 |
| **В01** | 25 | 13 |
| **В02** | 5 | 3 |
| **В03** | 6 | 1 |
| **В04** | 14 | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| **Г01** | 9 | 4 |
| **Г02** | 1 | / |
| **Г03** | / | / |
| **Г04** | 5 | 3 |
| **Вкупно** | 99 | 50 |
| **Помошно – технички лица А03** | 1 | / |
| **Вкупно** | 100 | 50 |

".

**Член 4**

Во глава I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ, по членот 9 се додава нов член 9-а кој гласи:

**„Член 9-а**

Работните места од групата на помошно технички на овој правилник се распоредени на следниот начин:

- **од категорија А, ниво А3, звање на работно место – Возач III."**

**Член 5**

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА во Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во точка 2 називот на секторот: „Сектор за работни односи и внатрешни работи и граѓански сектор", **се менува и гласи: „Сектор за работни односи, внатрешни работи, граѓански сектор и инспекциски надзор".**

**Член 6**

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА во Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во Сектор за работни односи, внатрешни работи, граѓански сектор и инспекциски надзор **во работното место под реден број 16** со шифра на работно место УПР 01 01 Б02 000, називот на работното место **„Раководител на сектор за работни односи и внатрешни работи и граѓански сектор", се менува и гласи: „Раководител на Сектор за работни односи, внатрешни работи, граѓански сектор и инспекциски надзор".**

**Член 7**

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА во Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во Сектор за работни односи, внатрешни работи, граѓански сектор и инспекциски надзор, **во работното место под реден број 17** со шифра на работно место УПР 01 01 Б03 000, називот на работното место **„Помошник раководител на сектор за работни односи и внатрешни работи и граѓански сектор", се менува и гласи: „Помошник раководител на Сектор за работни односи, внатрешни работи, граѓански сектор и инспекциски надзор".**

**Член 8**

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА во Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во Сектор за работни односи, внатрешни работи, граѓански сектор и инспекциски надзор, **по работното место под реден број 27** со шифра на работно место УПР 01 01 В04 000, со назив на работно место „Помлад соработник за прашања од областа на личните исправи", се **додава ново одделение со назив: „2.3 Одделение за инспекциски надзор", со пет нови работни места, кои гласат: „27-а, 27-б, 27-в, 27-г и 27-д".**